Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Архивски број: 08 - 10908/1
Датум: 26-09-2025 2025 година

ДО: Градоначалник на општина
___________________________________

Предмет: Насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2026 година

Почитувани,

Министерот за финансии согласно член 27 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) го доставува Буџетскиот циркулар за 2026 година до градоначалникот на општината и истиот ги содржи:

- Главните насоки за изготвувањето на буџетот на едницата на локалната самоуправа и
- Информации за дотациите до единицата на локалната самоуправа што се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Буџетскиот циркулар за изготвување на Буџетот на општините за 2026 година вклучува информации за процесот на буџетирање, формата и содржината на буџетот, односно планирање на расходите по програми и потпрограми согласно изворните и пренесените надлежности.

Согласно член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Советот на општината треба да го донесе Буџетот на општината за 2026 година и Одлуката за извршување на буџетот на општината за 2026 година, најдоцна до 31 декември 2025 година.

Согласно законските прописи и дадените насоки за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2026 година општините ја доставуваат Одлуката за извршување на буџетот на општината за 2026 година во утврдената форма, како и донесениот Буџет за 2026 година до Министерството за финансии. Буџетот на општината се


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 537
www.finance.gov.mk

доставува во печатена и во електронска форма на следните e-mail адреси: radmila.sandeva@finance.gov.mk, aleksandra.petkanovska@finance.gov.mk, marija.klincharova@finance.gov.mk или ramize.sulovska@finance.gov.mk, со цел негово вчитување и пристапување кон реализација по 1.01.2026 година.

Како дел од насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2026 година дадени се следните прилозите: Прилог 1 кој се пополнува за следење и контролата на пресметани плати и надоместоци од страна на локалните јавни установи по РКБ, во Прилог 2 дадени се програмите и потпрограмите во буџетот на општината и образложение на истите, Прилог 3 и Прилог 4 дадени се В1 обрасците за планираните средства во развојните програмите и потпрограмите кои се финансираат од Буџетот на општината или со средства од фондовите на ЕУ, како и Прилог 5 во кои се прикажани максимално утврдени износи на сопствени приходи, приходите од данокот на додадена вредност и износот на дотациите за пренесените надлежности во културата, социјалната заштита, образованието и противпожарната заштита за 2026 година.

Министерството за финансии укажува дека е потребно при подготовка на Буџетот за 2026 година **да се придржувате на дадените насоки во делот на планирање на расходи во соодветните програми**. Истовремено, укажуваме на потребата планирањето на Буџетот за 2026 година да биде во насока на фискална консолидација, штедење и намалување на непродуктивните расходи.

Ве известуваме дека проценетиот износ на приходите од данокот на додадена вредност за вашата општина и износот на дотациите за пренесените надлежности во културата, социјалната заштита, образованието и противпожарната заштита за 2026 година дополнително ќе ви бидат доставени.

Имајќи предвид дека во октомври 2025 година ќе се одржат Локални избори, како и можноста дел од расходите за спроведување на локалните избори да не се исплатат до крајот на 2025 година, потребно е во Буџетот на општината за 2026 година да се планираат средства во потпрограмата А10 - Изборни активности и референдуми за исплата на неисплатените обврски поврзани со спроведување на локалните избори.

Истовремено, ве известуваме дека Насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за 2026 година, со горенаведените прилози ќе бидат пратени електронски на официјалните маил адреси на општината и поставени на веб страната на Министерството за финансии: www.finance.gov.mk во делот Области / Јавни финансии / Фискална децентрализација / Документи.

Исто така, укажуваме дека согласно член 47 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр. 254/24 и 151/25) е утврдено дека неискористените средства од блок и наменски дотации,

општините ги враќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември 2025 година.

Со почит,

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изготвил: Александра Петкановска Трпеска
Контролирал: Радмила Сандева Крстова
Одобрил: Floreta Hasani
Аница Иваноска – Стрезовски/Тања Трипунова

Проверил: Мелиха Камилова
Јасмина Вукиќевиќ

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 537
www.finance.gov.mk